прв извод

Книга11

**Република Македонија**
**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**
За подрачјето на основните судови на Градот Скопје
со седиште на ул.„ Никола Вапцаров„ бр.3/1
На ден 30.12.2016 година
Ден триесетти, месец декември, две илјади и шеснаесетта година
Во 12,00 ( дванаесет) часот

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова, со службено седиште во Скопје, ул. Никола Вапцаров, број 3/1, потврдувам дека на Покана на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, на ден 30.12.2016 година, со почеток во 12,00 (дванаесет) часот, присуствував на вонредната седница на Собранието на акционерите на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, кое се одржа во деловните простории на Друштвото, во Скопје, на ул.Никола Кљусев бр.1 Скопје при што, согласно членовите 4 и 73 од Законот за нотаријатот и членовите 298, 383 и 407 од Законот за трговските друштва, го составив следниот-----

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------З А П И С Н И К ---------------------------------------------

---------------------од вонредната седница на СОБРАНИЕТО на акционерите на ---------------------------

----------------------------------------КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје----------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:-------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

1.) Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје издадена од Централниот регистар на Република Македонија, Регионална Регистрациона канцеларија - Скопје ( прилог кон списите); -------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

2.) Акционерска книга на издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје на ден 29.12.2016 година според која КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, има вкупно 28742 ( дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и две) обични акции, со номинална вредност на ХВ од по 500 (петстотини) ЕУР, со вкупно број на гласови 28742 ( дваесет и осум илјади седумстотини четириесет и два) гласови ( прилог кон списите),со број на иматели 3(три)-----------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

3.) Потврда, со излезен број 20161214165036/14.12.2016 година, издадена од Агенција за упис од Софија, за акционерот „АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ„ АД, со идентиификација ЕИК 130110044, од Софија, Република Бугарија. ( прилог кон списите); ----------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

4.) Пријава за учество на Собрание на акционери за акционерот„АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ„ АД од Софија, Р.Бугарија. ( прилог кон списите);-------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

5.) Полномошно издадено од акционерот „АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ„ АД од Софија, Р. Бугарија заверено на ден 29.12.2016 година од Анета Микова,нотар во реон регионален суд Софија, Р.Бугарија, под рег. бр. 3471( прилог кон списите);----------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

6.)Овластување издадено од акционерот „АЛФА ФИНАНС ХОЛДИНГ„ АД од Софија, Р. Бугарија( прилог кон списите).-----------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------

Претседавач с.р.

7.)Пријава за учество на Собрание на акционери за акционерот ТЕТЕКС АД Тетово( прилог кон списите).-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

8.) Полномошно издадено од акционерот ТЕТЕКС АД Тетово заверено на ден 28.12.2016 година од нотар Симона Николиќ од Скопје под УЗП бр. 6469/2016, ( прилог кон списите)---------------------------

9.)Овластување издадено од акционерот ТЕТЕКС АД Тетово( прилог кон списите).-----------------------

10.)Пријава за учество на Собрание на акционери за акционерот ТТК Банка АД Скопје ( прилог кон списите);-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

11.) Полномошно издадено од акционерот ТТК Банка АД Скопје заверено на ден 28.12.2016 година од нотар Симона Николиќ од Скопје под УЗП бр. 6470/2016, ( прилог кон списите);-----------------------

12.) Овластување издадено од акционерот ТТК Банка АД Скопје.--------------------------------------------

13.) Список на присутните акционери ( прилог кон списите), и----------------------------------------------

14.) Јавен повик до акционерите на КАПИТАЛ Банка, АД Скопје, објавен во дневниот печат „Утрински весник„ на ден 29 ноември 2016 година-----------------------------------------------------------

15.)Јавен повик до акционерите на КАПИТАЛ Банка, АД Скопје(дополнување и измена на Дневниот ред), објавен во дневниот печат „Утрински весник„ на ден 16 декември 2016 година, со следниот: --

---------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД** :---------------------------------------------------------

<u>I ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:</u> ----------------------------------------------------------------------------------------

1. Отворање на Собранието на Банката ;------------------------------------------------------------------
2. Верификација на Списокот на присутни акционери ;------------------------------------------------
3. Избор на Претседавач на Собранието;----------------------------------------------------------------

<u>II РАБОТЕН ДЕЛ</u> :-------------------------------------------------------------------------------------------------

4.Предлог –Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00 евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

5. Предлог –Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00 евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------------------

6.Предлог-Одлука за покривање на акумулираната загуба од посебна резерва во износ од ----------

Претседавач с.р.

1.200.000,00 евра,во денарска противвредност.-----------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

7.Предлог-Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност(корпоративна обврзница) по пат на приватна понуда(прва емисија на обврзници)------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

8. Предлог-Одлука за определување на надомест за работа на Горан Анастасовски-независен член на Надзорниот одбор .-------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

9.Разно.---------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ: -------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од Списокот на присутните акционери, утврдив дека на редовната седницата на Собранието присутни се :--------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Акционерот „Алфа Финанс Холдинг АД„ од Софија, Репулика Бугарија, преку својот полномошник Маја Симоновска со уредно Полномошно (прилог кон списите), со вкупно 28292 ( дваесет и осум илјади двестотини деведесет и две) обични акции ,--и------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Акционерот ТТК Банка АД Скопје, застапувано од полномошникот Зоран Колев, со уредно Полномошно (прилог кон списите), со 137 ( сто триесет и седум) обични акции .---------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Акционерот ТЕТЕКС АД Тетово застапувано од полномошникот Зоран Колев, со уредно Полномошно (прилог кон списите), со 313 ( тристаитринаесет) обични акции.-------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што на вонредната седница на Собранието на акционери присутни се акционери, односно, нивни овластени претставници, кои претставуваат 100%(сто) од вкупниот број на акции со право на глас, утврдив дека Собранието може полноважно да работи и да донесува полноважни одлуки, согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото.---------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Република Бугарија,Маја Симоновска,ја отвори седницата на вонредното Собрание и отвори дискусија по предложениот Дневен ред.---------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање, при што предложениот ДНЕВЕН РЕД , беше едногласно усвоен од присутните акционери.------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Присутните акционери едногласно за претседавач на вонредната седница на акционери го избраа полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија , Маја Симоновска, која воедно даде и воведен збор за целта за свикување на ова Собраните, со напомена дека целокупниот материјал за седницата на Собрание благовремено е доставен на сите акционери .----------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека согласно Законот за трговските друштва, Записникот го води нотар, односно, Записникот од вонредната седница на Собранието на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, ќе го води нотар Анета Петровска Алексова од Скопје.------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

II РАБОТЕН ДЕЛ------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 4. По четврттата точка од Дневниот ред** –Предлог –Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00

----------------------------------

Претседавач с.р.

евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,Претседавачот најпрвин истакна дека на ден 25.11.2016 година Одборот на директори на акционерот Алфа ФинансХолдинг одржал седница на која донел Одлука за откажување на Акционерот Алфа Финанс Холдинг од побарувањата кон Капитал Банка АД Скопе по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00 евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје и потпишал Откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Капитал Банка АД Скопе по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00 евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје.Потоа Претседавачот истакна дека на ден 28.11.2016 година Надзорниот одбор на Капитал Банка АД Скопје одржал седница на која донел ОДЛУКА за прифаќање на Одлуката на Одборот на директори на Акционерот Алфа ФинансХолдинг за откажување на побарувањата кон Капитал Банка АД Скопе по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00 евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,и потоа , Претседавачот отвори дискусија.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што – **Одлуката за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на Договор за користење на Субординиран заем бр.03-1736/1 од 26.09.2014 година ,во целосен износ од 100.000,00 евра и дел од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година ,во износ од 500.000,00 евра ,или во вкупен износ од 600.000,00 евра во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,**(прилог кон списите), **едногласно беше донесена**.-------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

<u>Точка 5.</u> <u>По петтата точка од Дневниот ред</u> – Предлог –Одлука за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00 евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,Претседавачот напрвин истакна дека на ден 06.12.2016 година Одборот на директори на акционерот Алфа ФинансХолдинг одржал седница на која донел Одлука за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00 евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје и потпишал Откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00 евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,потоа на ден 07.12.2016 година Надзорниот одбор на Капитал Банка АД Скопје одржал седница на која донел ОДЛУКА за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.03-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00 евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје и потоа, Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што **Одлуката за потврдување на Одлуката на Надзорниот одбор на Банката за откажување на Акционерот Алфа ФинансХолдинг од побарувањата кон Банката по основ на остатокот од Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-2327/1 од 22.12.2014 година во износ од 250.000,00**

-----------------------------------

Претседавач с.р.

**евра и Договорот за користење на Субординиран заем бр.0302-1492/1 од 27.10.2016 година во износ од 350.000,00 евра или вкупен износ од 600.000,00 евра,во полза на КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје,**(прилог кон списите), **едногласно беше донесена.**--------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 6. По шесттата точка од Дневниот ред** - Предлог-Одлука за покривање на акумулираната загуба од посебна резерва во износ од 1.200.000,00(еденмилиони двестотиниилјади) евра,во денарска противвредност ,Претседавачот отвори дискусија. ---------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што – Одлука за покривање на акумулираната загуба од посебна резерва во износ од 1.200.000,00 евра(еденмилиони двестотиниилјади) (прилог кон списите), **едногласно беше донесена**.---------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 7. По седмата точка од Дневниот ред** – Предлог Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност(корпоративна обврзница) по пат на приватна понуда(прва емисија на обврзници) Претседавачот отвори дискусија. -----------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За дискусија се пријави полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија , Маја Симоновска,која согласно Полномошното што и е издадено ,предложи да се одложи разгледувањето на точката од Дневниот ред врз основа на образложениeто на Надзорниот Одбор-------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По предлогот на полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија , Маја Симоновска Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што предлогот да се одложи разгледувањето на точката од Дневниот ред врз основа на образложениeто на Надзорниот Одбор поднесен од полномошникот на мнозинскиот акционер „Алфа Финанс Холдинг„ АД од Софија, Р. Бугарија , Маја Симоновска едногласно беше усвоен.-----------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 8. По осмата точка од Дневниот ред** – Предлог-Одлука за определување на надомест за работа на Горан Анастасовски-независен член на Надзорниот одбор,Претседавачот отвори дискусија.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за збор, се пристапи кон гласање при што – **Одлуката за определување на надомест за работа на Горан Анастасовски-независен член на Надзорниот одбор**(прилог кон списите), **едногласно беше донесена**.----------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 9. По деветтата точка од Дневниот ред –** Разно, Претседавачот ги праша присутните акционери дали имаат прашања по оваа точка од Дневниот ред, па откако Претседавачот констатира дека по оваа точка од Дневниот ред нема предложено материјал за расправа, констатира дека се исцрпени точките од Дневниот ред, им се заблагодари на присутните за нивниот придонес во работењето на седницата на Собранието, и ја заклучи седницата на Собрание во 13:00 (тринаесет часот).---------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Претседавачот на вонредната седница на Капитал Банка АД Скопје, Маја Симоновска и го прочитав Записникот и ја предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарската исправа.----------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на седницата на Собранието изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од нотарската исправа и дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба. -----------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на редовната седница на Собранието лично го потпиша Записникот.-

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Маја Симоновска

-------------------------------------------------------------------------------------------------------------с.р.

Потврдувам дека овој Записник лично го составив на пет листа, на пет страници, на секој лист по една страна, во шест еднакви примероци, од кои еден извод за упис во Централниот Регистар на Републлика Македонија, четири изводи за КАПИТАЛ БАНКА АД Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ова е прв извод,идентичен со изворникот кој се наоѓа во архивата на нотарот.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса е пресметана во износ од 500,00 денари е наплатена и уплатена на трезорска сметка на Буџет на Република Македонија.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно член 41 од Правилникот за нотарската тарифа, е пресметана во износ од 10.000,00 денари.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ број 2145/2016
Во Скопје, 30.12.2016 година

**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА
АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА
АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ